Инфекции - бактериски



# Импетиго (руса болест)

## Важни работи

- **Импетигото е бактериска инфекција на површината на кожата**
- **Импетигото обично се јавува на лицето, рацете или нозете**
- **Импетигото е заразно и може да се пренесе од еден член на семејството на друг и од еден ученик на друг**
- **Импетигото се лекува со мачкање на кожата со антисептички раствори. Исто така може да биде потребно да се користат антибиотици што се земаат преку уста, како и антибиотички кремови што се мачкаат на кожата**

## Што е тоа?

Импетигото е бактериска инфекција на кожата што предизвикува создавање на красти, исцедок, а понекогаш и пликови на површината на кожата. Избива во текот на неколку дена на кожата на лицето или на рацете и нозете. Понекогаш може да се прошири и по телото.

Оваа болест е многу заразна и може да се пренесе од еден член на семејството на друг или меѓу децата во училиште, па поради тоа понекогаш болеста се нарекува и "училишна краста".

Инфекцијата обично не дава никакви знаци и не остава лузни. Понекогаш може да се јави на места каде што кожата веќе е болна, на пример од воспаление на кожата (егзем). Со тоа воспалението може да се влоши, од него да почне да излегува влажен исцедок или да се создаваат жолти красти.

## Како се лекува?

Импетигото може да почне по чешањето на местото на убодот од некој инсект или на некои други места каде што кожата е малку расцепена. За да се спречи тоа, на исечениците и на местата што чешаат треба да се нанесе антисептик.

Миењето на заразената кожа со антисептички раствор и нанесувањето на антисептички крем, препишан од лекар, може да ги излекува многу благите форми на импетиго. Ако инфекцијата е пораширена, лекарот може да препише орални (што се земаат преку уста) антибиотици што ќе се користат истовремено со антисептиците.

Децата со импетиго треба да се држат настрана од други деца. Дваесет и четири часа откако почнало лекувањето со антибиотици што се

земаат преку устата, би требало детето веќе да не е заразно и да не може да ја пренесе болеста на други лица.

**Натамошни информации**

Вашата медицинска сестра за здравјето на мајките и децата.
Вашиот аптекар.
Вашиот семеен лекар.
Лекар специјалист за кожни болести - дерматолог.

© 2002, Department of Dermatology, St. Vincent’s Hospital Melbourne, Victoria Parade, Fitzroy, Victoria 3065 Australia.